ОЛИМПИСКИ КОМИТЕТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-65/1
13.04 2023 год.
СКОПЈЕ

Дисциплинска комисија при Олимписки комитет на Северна Македонија, одлучувајќи во прв степен по пријава поднесена на ден 17.03.2023 година за поведување на дисциплинска постапка против Борко Ристовски од Скопје член на Р.К "Вардар" Скопје за сторен дисциплински престап по член 17 од дисциплинскиот правилник на ОКСМ, одржа расправа на ден 04.04.2023 година и ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Обвинетиот БОРКО РИСТОВСКИ од Скопје, член на Р.К "ВАРДАР" од Скопје,**

## ОДГОВОРЕН Е

ЗАТОА ШТО:

На ден 02.03.2023 година како претставник на политичка партија во ТВ Емисија "ЗА или ПРОТИВ" со изнесување на груби лаги, клевети, невистини и ширење неточни информации на сметка на Претседателот на Олимписки Комитет на Северна Македонија Г-дин Даниел Димевски, кои може да бидат штетни и по Олимпискиот комитет на Северна Македонија, Федерациите членки во ОКСМ и спортистите, прекршил повеќе членови на Статутот на ОКСМ, Дисциплинскиот правилник на ОКСМ како и законите на Р.С. Македонија со што се нарушува директно угледот на целата спортска фела и спортски организации во јавноста.

Со тие свои дејствија обвинетиот сторил дициплински престап спротивно на чл.17, став 2 од Дисциплинскиот правилник на ОКСМ, па согласно наведените одредби и член 20 од Дисциплинскиот правилник, му се изрекува дисциплинска мерка:

Забрана на вршење работа во олимпискиот спорт во период од 4 (четири) години.

Дисциплинска комисија како отежнителни околности ги зема во предвид следните околности: обвинетиот покажува особена одлучност и безобзирност, не се покајал и јавно не се извинил спрема Претседателот на Олимписки комитет на Северна Македонија, врши политичка пропаганда, во континуитет настапува клеветнички и спрема други спортисти и спортски функционери.

.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По пријавата поднесена на ден 17.03.2023 година од Претседателот на Олимписки Комитет на Северна Македонија Г-дин Даниел Димевски се поведе дисциплинска постапка против Борко Ристовски, член на Р.К "ВАРДАР" од Скопје поради дисциплински престап спротивен на одредбите од Статутот на ОКСМ и Дисциплинскиот правилник на ОКСМ.

Пријавата и барањето за давање изјава се доставени до неговото работно место, во службените простории на РК Вардар (Бул. АСНОМ бр. 1). На истата обвинетиот не одговори.

Согласно член 34 од Дисциплинскиот Правилник, на седницата беа разгледани предложените докази од изјавата на обвинетиот на ден 02.03.2023 во ТВ Емисија "ЗА ли ПРОТИВ" како гостин во ТВ Алфа од што јасно се гледа дека обвинетиот го сторил



Scanned with CamScanner

дисциплинскиот престап што му се става на товар на начин опишан во диспозитивот на одлуката, па го огласи за виновен и му изрече дисциплинска мерка како во диспозитивот.

ПОУКА: Против оваа одлука незадоволната странка има право на жалба во рок од 8 дена по приемот на истата, преку оваа Комисија до Управен Одбор на ОКСМ.

Претседател,
на Комисијата за дисциплинска
одговорност при ОКСМ

________________________

Генерален Секретар на ОКСМ

______________________________

Одлуката да се достави до:

- Архива на ОКСМ

-архива на РК Вардар 1961

-Ракометна федерација на Македонија

-лично на Борко Ристовски



Scanned with CamScanner